**BESPLATNI GOTOVI SEMINARSKI, DIPLOMSKI I MATURSKI RAD.**

**RADOVI IZ SVIH OBLASTI, POWERPOINT PREZENTACIJE I DRUGI EDUKATIVNI MATERIJALI.**



**WWW.SEMINARSKIRAD.ORG**

**WWW.MATURSKIRADOVI.NET**

**WWW.MATURSKI.NET**

**WWW.SEMINARSKIRAD.INFO**

**WWW.MATURSKI.ORG**

**WWW.ESSAYSX.COM**

**WWW.FACEBOOK.COM/DIPLOMSKIRADOVI**

NA NAŠIM SAJTOVIMA MOŽETE PRONAĆI SVE, BILO DA JE TO SEMINARSKI, DIPLOMSKI ILI MATURSKI RAD, POWERPOINT PREZENTACIJA I DRUGI EDUKATIVNI MATERIJAL. ZA RAZLIKU OD OSTALIH MI VAM PRUŽAMO DA POGLEDATE SVAKI RAD, NjEGOV SADRŽAJ I PRVE TRI STRANE TAKO DA MOŽETE TAČNO DA ODABERETE ONO ŠTO VAM U POTPUNOSTI ODGOVARA. U BAZI SE NALAZE GOTOVI SEMINARSKI, DIPLOMSKI I MATURSKI RADOVI KOJE MOŽETE SKINUTI I UZ NJIHOVU POMOĆ NAPRAVITI JEDINSTVEN I UNIKATAN RAD. AKO U BAZI NE NAĐETE RAD KOJI VAM JE POTREBAN, U SVAKOM MOMENTU MOŽETE NARUČITI DA VAM SE IZRADI NOVI, UNIKATAN SEMINARSKI ILI NEKI DRUGI RAD RAD NA LINKU IZRADA RADOVA. PITANjA I ODGOVORE MOŽETE DOBITI NA NAŠEM FORUMU ILI NA MATURSKIRADOVI.NET@GMAIL.COM

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**

# ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

**Предмет:** Медицинско казнено право

**Тема:**

## „Дејствата на Надрилекарството и Алтернативната медицина„

***Име и презиме***
***број на индекс на студент:***

***Име и презиме***
***на предметен професор***

**СОДРЖИНА:**

1.Вовед____________________________________________________ 3 стр.

**2.Дејствата на Надрилекарството и Алтернативната медицина**_____5 стр.

2.1.Алтернативна медицина__________________________________________ 5 стр.

2.1.1.Типови на алтернативно лекување________________________________ 6 стр.

2.2.Како својата постапка ја спроведуваат претставниците на современата медицина, а како алтернативните лекари?______________________________ 9 стр.

**3.Кривични дела против здравјето на луѓето**_________________ 11 стр.

3.1.НАДРИЛЕКАРСТВО______________________________ __________11 стр.

3.2.Надрилекарство во Република Македонија_________________________12 стр.

3.2.1.Во Република Македонија "За здравје се прави се"_________________ 15 стр.

3.2.2.Пример за надрилекарство во Република Македонија_____________ 16 стр.

**4.Предноста на надрилекарството и алернативната медицина**_____17 стр.

**5. Заклучен дел**________________________________________________20 стр.

**6. Користена литература**_________________________________________22 стр.

## 1.Вовед

Терминот надрилекарство во поново време е заменет со изразот Алтернативна медицина. Основна разлика помеѓу научната и алтернативната медицина е што во научната медицина процесот на лечење мора да биде докажано ефикасен и да не биде штетен(или барем штетата да биде значително помала од користа), што значи дека тежиштето се става на истражувањето, тестови и експериментална работа.

Современата медицина се обидува  да објасни какви хемиските процеси се случуваат во дигестивниот тракт додека ја вариме храната, кои биофизички сили ги покренуваат мускулите додека се качуваме по скалите, па дури и процесот на мислење - како во мозокот се активираат милијардите минијатурни ќелиски батерии кои ја обработуваат и меморираат информацијата.

Алтернативната медицина воглавно се потпира на метафизичката теорија за настанување на болеста и нејзиното лекување, и кај неа нема проверка на ефикасноста и не-штетноста - целата доказна постапка се заснова на нечии приказни и анегдоти, или на тврдења на кој надрилекарот сам се претставува на јавноста.

Терминот алтернативна медицина е во употреба од поново време, како „политички прифатлива“ е замена за нешто што го носело името „надрилекарство“. Самиот термин не е точен - тоа што денес го нарекуваме алтернативна медицина, со илјадници години бил единствен начин на лечење, а потоа како алтернатива почнало да го развива научната медицина.[1]

[1] Правна Енциклопедија издадена во Белград 1994 год.

Тешко е да се објасни зошто заговорниците на традиционалната медицина го лансирале овој термин со кој доброволно самите себе се ставаат во втор план. Нема сомнение дека алтернативната медицина е дел од поширок социјален тренд, денес тој е многу активен, и веќе го има освоено поголемиот дел од публиката, и има тенденција - не можејки да ја отфрли науката и да го превземе нејзиното место во официјалните институции - да застане рамо до рамо со истата. Затоа постои и изразот комплементарна медицина, што е варијанта на алтернативната, која се користи како дополнение со научната медицина.

## 2.Дејствата на Надрилекарството и Алтернативната медицина

### 2.1.Алтернативна медицина

Не постои стриктна дефиниција за алтернативната медицина. Генерално, тука спаѓа било која практика на лекување која не се вклопува во признаената и општо прифатена медицина - т.е. било која практика која не е широко прифатена во медицинските школи и од страна на докторите во болниците.

Границите на алтернативната медицина постојано се менуваат и некои типови на алтернативно лекување станувaат поприфатливи за докторите .

Во што алтернативната медицина се разликува од традиционалната медицина?

Алтернативната терапија се одликува со својот холистички пристап, што значи дека докторот или практичарот ја третира личноста во целост, а не само одредената болест. [2]

Во алтерантивната медицина се обрнува внимание на емоционалните и спиритуални потреби на пациентите. Овој пристап се разликува од оној на традиционалната медицина, која главно се фокусира на физичката страна на болеста.

Основна разлика помеѓу научната и алтернативната медицина е во тоа што во научната медицина, основен принцип е дека процесот на лечење мора да биде докажан како ефикасен и не-штетен (или бар штетата да биде помала од користа)

[2] Правна Енциклопедија издадена во Белград 1994 год.

што значи дека тежиштето се става на истражување, тестови и експериментален труд.

Современата медицина се труди да објасни какви се хемиски процеси се случуваат во дигестивниот тракт додека ја вариме храната, кои биофизички сили ги движат мускулите додека се качуваме по скалите, па други и процесот на мислење - како во мозокот се активираат милијарди минијатурни келиски батерии кои ја обработуваат мемориската информација.

Во расправите околу тоа колку лечењето со алтернативната постапка е ефикасно, може да „паднат“ многу тешки зборови, а сепак никој да не отстапи од своите ставови. Најдобар начин да се утврди вистината е објективната проверка во пракса, кај која нема да може да се фалсификува или пристрасно да се толкуваат резултатите.[3]

### 2.1.1.Типови на алтернативно лекување

Според Националниот центар за комплементарна и алтерантивна медицина и националниот центар за здравје на САД, се разликуваат седум главни подрачја на алтерантивна медицината (некои од нив се научно тестирани, но други не):

[3] http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;

1.Акупунктура - тоа е пракса која се базира врз стимулирање на одредени точки на телото (обично со игла, но може и со притисок – акопресура ), со што се потпомага лекувањето.
2.Традиционална ориентална медицина - која се фокусира да ги утврди пореметувањата на енергијата во организмот.

3.Хомеопатија - здравствените проблеми се третираат со различни многу разблажени субстанции.

4.Народни лекари како што се различни тревари, искусни жени и практичари на народната медицина

5.Хербалните лекови - тоа се различни билки кои се користат во медицината и во нутрицијата. Тие обично ги наоѓаме во продавниците за здрава храна, или може да се добијат од различни тревари, често во форма на чаеви, капсули или екстракти. Овие субстанци не се регулирани преку американската Food and Drug Administration (FDA). Сепак една третина од адултните американци регуларно земаат некој вид на билки, најчесто во форма на чаеви од камилица за смирување на нервите или echinacea против настинка. [4]

6.Мануелното лекување - медицинските проблеми се третираат со манипулација и со зајакнување на поедини делови на телото. Најпознат метод од овој вид е хиропракса (хиропрактичното лекување се фокусира на нервниот систем и на модификација на на кичмениот столб –т.е. на пршлените кои го препокриваат кичмениот мозок).

---

[4] http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;

7.Масажа - форма на мануелно лекување-остеопатија, во кое кое се користи манипулација и лекување со допир, каде практичарот ги става рацете на или во близина на телото, за да ја усмери енергијата.

8.Измена на исхраната и/или животниот стил , исто така преставува подрачје на алтернативната медицина. Многу луѓе земаат суплементи сметајќи дека вообичаената исхрана не содржи доволно витамини или минерали. Многу луѓе кои боледуваат од некои хронични болести како што се срцеви болести или дијабетес ја прилагодуваат својата исхрана или навиките, за да можат да ја одржуваат болеста под контрола. Со ова не само што се лекуваат одредени заболувања, туку истовремено се врши превенција на други. Ова подрачје на алтернативнат амедицина е широко прифатено и интегрирано во традиционалната медицина.

9.Контрола на умот се фокусира врз улогата на мозокот (умот) во различни состојби, кои го засегаат организмот. Хипнозата е форма на свесен сон или транс, може да помогне кај некои луѓе да се справат со зависности, болка, или анксиозност, додека некои други третмани, како психотерапија, медитација и јога се корисни за релаксација. Многу луѓе се свртуваат кон одредени групи на подршка и кон молитва за да се справат со болестите и да се чувствуаат поповрзани со другите.[5]

10.Лекови и вакцини кои не се прифатени од официјалната и општата медицина, исто така се сметаат за алтернативни. Евентуално по екстензивно тестирање од страна на званични институции, некои од овие медикаменти или вакцини можеби ќе станат дел од прифатените третмани.

---

[5] http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;

11. Биоелектромагнетика се базира врз идејата, дека електричните струи во сите живи организми произведуваат магнетни полиња, кои се шират надвор од организмот.

## 2.2.Како својата постапка ја спроведуваат претставниците на современата медицина, а како алтернативните лекари?

Вообичаената научна постапка на испитување на секој нов лек, на која и претходи успешно претклиничко испитување, почнува со одбирање на две групи на испитаници (доброволци).

На едната група која се нарекува експериментална и се дава новиот лек во пропишана доза, а на другата група (контролна) и се даваат стандардни лекови со кои вообичаено се лечи. На крајот на тестот се упоредуваат резултатите на истражување од двете групи и се донесуваат статистички заклучоци за очекуваните предности на новиот лек во однос на стариот.

Да земеме на пример, дека во испитувањето на новиот лек за лечење на определен вид на епилепсија, кој веќе прошол низ стандардното лабораториско тестирање на животни и на внимателно контролирана група на хоспитализирани пациенти, учествуваат 100 болни поделени на две подеднакви групи. [6]

Нека 50 пациенти на експерименталната група го земаат новиот лек во пропишани дози, а останатите 50 од контролната група се лечат на вообичаениот начин. Контролата на резултатите од лечење ќе се врши со утврдување на бројот

---

[6] http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;
http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;

на епилептични напади во текот на определен временски период. Се очекува дека во текот на лечењето бројот на епилептичните напади во двете групи да се намали.

Ако бројот на напади кај пациентите кои го земале новиот лек статистички значително е намален во однос на бројот на напади кај пациентите кои се лечат на класичен начин, се донесува заклучок дека новиот лек е поефикасен. Таквиот лек добива лиценцен број кој се втиснува на секое пакување, а со тоа и дозвола за да може да се употребува.

Кај алтернативната медицина постапката на заклучок е далеку поедноставна: од вкупниот број на болни, до подобрување дошло кога извесен број на болни без обзир дали тие истовремено некој од нив бил и под некоја друга терапија, се смета дека лечењето е успешно. Но дали резултатот би бил ист (или можеби подобар) и без алтернативната терапија? Тоа никој не го знае, а не е ни важно. За неуспешните случаеви се пронаоѓаат или не се пронаоѓаат објаснување, но тие најчесто не се споменуваат.

Така и во испитувањето, кое го земавме за пример, терапевтот позади себе би имал определен број на луѓе кои во секој момент би посведочиле дека му должат благодарност за своето здравје или живот. На испитувањето се става точка, посакуваната теза е докажана и резултатите зборат сами за себе.

Науката, пак од другата страна, мора до крај да ја испита секоја можност. Да претпоставиме дека подобрувањето дошло кај многу поголем број на учесници во експерименталната отколку во контролната група. Дали тоа значи дека лекот е ефикасен?

Можеби е, а можеби не е - една од можностите е дека психолошкиот механизам, предизвикан со мислата дека лекот кој се зема или не се зема, доведува до подобрување. Дали ова е можно?

Ние знаеме дека сугестијата може да предизвика субјективно чуство за подобрување на состојбата, но уште е занимливо прашањето дали тоа може да доведе до органски промени и да ја смени клиничката слика на болеста

## 3.КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

Во оваа глава на Кривичниот законик, се групирани кривични дела чии заштитен објект е здравјето на луѓето. Со одредбите содржани во главата, опфатени се дејствија кои со оглед на масовност и начинот на загрозувањето можат да имаат тешки последици по здравјето на однапред неопределен број на луѓе, што значи дека не е во прашање здравјето на определени лица. Значењето на здравјето на луѓето како општо добро е основниот мотив, бидејќи на овој начин се остварува посебен интерес за обезбедување на неговата ефикасна заштита.

Во правниот поредок тоа е уредено со повеќе закони и други прописи чии превентивни дејствија и функција се засилуваат како посебно пропишани кривично правни работи што се однесуваат на оваа област. Здравјето на луѓето само за себе или заедно со други вредности е заштитен објект на други главни или само на одделни кривични дела, но секако и друг вид кривични дела, но секоја од овие групи кривични дела е доволно јасна и сама за себе осродува одреден кривично правен аспект.[7]

### 3.1.Надрилекарство

Во членот 209 од КЗ е определено дека тој што без пропишана стручна подготовка се занимава со лекување или со давање медицинска помош, ќе се казни со затвор до 1 година и со парична казна.

[7] Кривичен Закон на Република Македонија (Службен весник на РМ 37/96);

Дејствие на извршување на делото е занимавање со лекување и давање медицинска помош од страна на лице што нема пропишано стручна подготовка.

Во извршување на првиот облик на делото, сторител се јавува во улога на лекар, а во извршување на другиот облик во улога на друг здравствен работник, за вршење работи на породување и ставање инекции, изработка на вилици и слично.

За постоење на делото, потребно е сторителот да се занимава со вршење на овие квази медицински дејствија, што значи сторителот подолго време да врши дејност да ги повторува инкриминираните дејствија.

Извршител на делото може да биде секое лице без пропишана стручна подготовка за лекување или за давање на медицинска помош. Во однос на вината, потребна е умисла што се состои во свест дека се занимава со лекување и со давање медицинска помош без пропишана стручна подготовка.[8]

## 3.2.Надрилекарство во Република Македонија

Како што рековме надрилекарството во Македонија е забрането и санкционирано со два закона - Кривичниот закон и Законот за здравствена заштита. Но и понатаму пациентите и веруваат во се‘ и сешто. Надрилекарството во сите развиени земји се смета за кривично дело, а се однесува на сите постапки при лекувањето или давањето на лекарска помош од лица кои немаат законски пропишана стручна подготовка и овластување за да се занимаваат со медицина.

---

[8] Кривичен Закон на Република Македонија (Службен весник на РМ 37/96);

Како што напоменавме, во Кривичниот законик на Република Македонија, член 209 стои дека „..тој што без пропишана стручна подготовка се занимава со лекување или со давање медицинска помош ќе се казни со затвор до една година и со парична казна“.

Но и покрај пропишаниот закон и казните што следуваат многу често може да се забележи дека многу луѓе се занимаваат со надлилекарство или со таканаречената алтернативна медицина која се движи во рамките на традиционлното лекување на болниот, па сѐ до магиски обреди.

Законскиот монопол на научната медицина при дијагностицирање и лекување на болестите е нов феномен. Сѐ до средината на 30-тите години на дваесеттиот век авторитетот на медицината бил непостојан и сомнителен.

Наместо ритуалното лекување, медицинската практика е насочена кон таканаречената вештина на лекување. Денес медицината се одредува со термините кои имаат позитивен призвук, а надрилекарството се одредува со поимот алтернативна медицина. [9]

Со поимот алтернативна медицина најчесто се означуваат сите облици на неслужбена здравствена заштита.

Според истражувањето на Светската Здравствена Организација постојат повеќе видови на алтернативана медицина, како на пример: хомеотерапија, остеопатија, биоенергија, рефлексиологија, киропрактика, кинезиологија, хербализам, акупунктура, галванизам, балнеотерапија, термална терапија,

[9] http://forum.burek.com/alternativna-medicina-nadrilekarstvo-pljackashi-zdravlja-t179734.topicseen.html

www.dnevnik.com.mk/WBStorage/Articles/3104492A2FB4344F949C90A9E79FE81F

макробиотика итн. Според Светската Здравствена Организација одделни држави го регулирале односот помеѓу службената и алтернативната медицина:

- на монополистички начин, затоа што единствено на алопатските практичари (лекарите од научната медицина) им се дава законско право да се занимаваат со медицина, а надрилекарството (алтернативната медицина) е законски забрането;
- со толерантен однос, затоа што алопатската медицина се ограничува на специфичните медицински и јавни здравствени активности, додека на неслужбените исцелители им се препушта слободата слободно да работат и да ги наплатуваат своите услуги;
- со паралелен меѓуоднос, кога на алопатските практичари и на другите системи на здравствента заштита им се овозможува паралелно давање услуги на пациентите, преку единствен или одвоен систем;
- со интегрален систем на односи, во кој современата и алтернативната медицина се здружени во медицинското образование и во укажувањето на здравствена заштита.

Нашиот Кривичен законик и членот 120 стои дека секој кој се занимава со лекување или давање на здравствена помош, а без да има пропишана стручна подготовка ќе се казни. [10]

Од горниот текст може да се извлечат и одделни, позитивни заклучоци дека доколку една алтернативна практика е позитивна и позитивно дејствува во лекувањето или помага во намалувањето на тегобите, треба да се прифати како метод на лекување (хербалната медицина, балнеотерапијата, хидротерапијата). Во секој случај со анализа на дејството на традиционалната медицина треба и научно да се испита, а не веднаш да се отфрли, затоа што може да даде позитивни резултати при лекувањето на болниот.

[10] http://forum.burek.com/alternativna-medicina-nadrilekarstvo-pljackashi-zdravlja-t179734.topicseen.html

Долго време проблем беше докажувањето на делата, но направени се измени, па сега за доказ се сметаат и рекламите. Весниците изобилуваат со огласи од типот: „Лекувам тумор со билки“, „Помагам со надарена моќ преку фотографија“, „Природен лек за неплодност“. Исцелителите ветуваат дека можат да лекуваат се‘ - од обични исчашувања до најтешки болести.

Исцелителната моќ ја објаснуваат како наследство од некој свој предок или со *Bildunterschrift: Großansicht des Bildes mit der Bildunterschrift: Пациентите се фаќаат за сламка кога е во прашање здравјето* различни божји привиденија. Во лекувањето користат само билки и сопствената енергија.

### 3.2.1.Во Република Македонија “За здравје се прави се”

Пациентите се фаќаат за сламка кога е во прашање здравјето. Надрилекарите го злоупотребуваат тоа, како и според некои и слабоста на здравствениот систем во Македонија

„Постои одлична реклама, постојат луѓе кои знаат тоа добро да си го изменаџираат и тоа е сосема доволно, а постои и тој индиректен психолошки притисок на оние кои се хендикепирани на некој начин со некое страдање или болест и тие би поверувале во се‘.“

Законот е јасен и во него е предвидена казна за секој што се занимава со лекување без соодветна стручна подготовка.

Според медицинските професори:„Оваа материја треба да биде решена бидејќи претставува злосторство спрема пациентите. Ерозијата на здравствениот систем придонесува за ширење на оваа лага кон пациентот“.

### 3.2.2.Пример за надрилекарство во Република Македонија

Во последно време најголемо внимание во македонската јавност предизвика феноменот *Bildunterschrift: Großansicht des Bildes mit der Bildunterschrift: За лекување без пропишана стручна подготовка е предвидена казна затвор и до една година* „Брацо“. Хрватскиот исцелител полнеше сали и хотели.

Редици болни, очајни, сиромашни луѓе се собраа со надеж дека во погледот на Брацо ќе најдат решение на нивниот проблем. Неговиот помошник, парапсихологот Драго Плечко им ја објаснуваше на луѓето методологијата на работа. „Брацо само ги гледа луѓето и во тој момент ако тие се фиксирани и концентрирани ќе доживеат освестување во сегашниот момент. Ќе почнат да функционираат сега, неоптоварени со иднината и минатото.“

Во Скопје за време на неговите две сеанси , организирано беа дојдени луѓе од цела Македонија, но и од соседните земји.

„Јас сум од Врање. Очекувам да ми помогне, штом од далеку доаѓаме. Јас од Пирава, Валандово. Дојдовме за него да ни‘ даде здравје, го поздравивме многу, со желба внучиња да ни‘ донесе, зет, ќерка. “

Една жена вели дека во средбата со Брацо нашла лек за неплодноста: „Чуда прави, жив ангел е, немам зборови, лечи од болести, помага. После 15 години добила ќерка“.

## 4.Предности на надрилекарството и алтернативната медицина

Како што рековме македонските закони не признаваат ниту алтернативна медицина. Надрилекарството се смета за кривично дело. За лекување без пропишана стручна подготовка е предвидена казна затвор и до една година. Но, законот малку, или воопшто не се применува. Не е поведена речиси ниту една постапка против надрилекарите. Луѓето лесно им веруваат на надрилекарите кога се во беспомошна состојба или под стрес, објаснуваат психијатрите. Социолозите, пак, сметаат дека масовноста на надрилекарството се должи на ниското образование и големата сиромаштија, но и на неефикасното здравство и лошиот однос на релација лекар-пациент.Но, според некои надрилекартвото и алтернативната медицина имаат значајни предности.[11]

Најзначајните предности кои алтернативците ги имаат над лекарите, се тие што лекарот во болница или во амбуланта дневно мора да води сметка за десетина или стотина болни, а овој факт никако не е без влијание на квалитет со комуникацијата. Тој не може, а често нема ни волја да се занимава со причините на болеста и да ги образува пациентите. Целата постапка најчесто се сведува на тоа да се утврдат физичките симптоми, да се праша болниот за субјективната состојба на пациентот и во картонот да се запише терапијата.

Пациент кој подобро би сакал да ја запознае природата на својата болест има слаби шанси да наиде на разбирање на лекарот. Затоа пак, исцелителот кој има и време и волја (а и финансиски мотиви) најпрво се занимава со пациентот а потоа со болеста. Тој прво ќе го запознае, ќе го смири и што е најважно ќе му даде

[11] http://forum.burek.com/alternativna-medicina-nadrilekarstvo-pljackashi-zdravlja-t179734.topicseen.html

надеж и оптимизам во најтешките случаи. Тој најшироко ќе му ја излага својата теорија за тоа како настанала болеста и како да ја излечи, и логичен резон на пациентот ќе биде дека исцелителот добро знае што раобти, чим му посветува толку време. Оваа теорија воглавно ќе биде неточна, но на пациентот во тој момент не му е важно бидејќи е створен присен контакт кој сам по себе делува на неговата субјективна состојба. Затоа тој веднаш ќе се осеќа подобро, во многу случаи тоа ќе биде привремено, но и тоа е доволно за создавање на мит за успешност на терапијата. Волјата да се стапи во присен контакт со пациентот, која алтернативецот ја има во големи количини, не е резултат на нечесен пристап кон работата, ниту пак дел на свесно сценарио на лажење. Напротив, луѓето кои научно се занимаваат со исцелувањето, со малобројни исклучоци, длабоко се уверени дека нивната теорија е исправна, дека терапијата е успешна и дека многу пациенти навистина им го должат животот. [12]

Тие настапуваат од позиција на хуманизмот, а тоа што своите услуги солидно ги наплатуваат, тоа не само он, туку и неговите пациенти го сметаат за праведно. Затоа надрилекарите може да бидат добар избор за хипохондри (луѓе кои се умислуваат дека се болни) и оние кои патат од полесни акутни психички пореметувања или психолошки болести. Нивната причина е во психата на човекот, па затоа алтернативната медицина е добро место за почеток на терапијата. Сепак на органските болести оваа „народска психотерапија“ по правило нема одлучувачко влијание.

За некои болести доволно е да се почека даројде извесно време додека имунолошкиот систем на организмот сам не ја победи болеста, а потоа просто сам да се прогласи за исцелител. Ако болеста сепак се заврши фатално, на исцелителот му останува можноста за лошиот исход да обвини некој друг - самиот пациент за тоа што на време не се обратил, или бидејќи во потполност не верувал

[12] http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;

во излекувањето, лекарите кои го упропастиле пациентот, некое проклетство во семејството, црна магија и така натаму. Во ова ќе му помогнат роднините и пријателите на болниот, кои веќе се придобиени од исцелителот со својот настап и фактот дека болниот искрено му верувал.

Следниот факт кој допринесува на популарноста на алтернативната медицина е определувањето за природна терапија. Просечниот современ човек живее во страв од производите на цивилизацијата, што не е без основа, но тоа го доведува во погрешно уверување дека природното е секогаш подобро и поефикасно од било каква хемија. Освен тоа алтернативната медицина се заснова на магиското, во што голем број на луѓе веруваа, а магиското по дефиниција прави чуда. Научната медицина никогаш себе не се прогласила за чудотворна (иако често таа и прави чуда во друго значење), а тоа и ја одзема атрактивноста. [13]

Уште еден важен поим во придобивањето на публиката, алтернативната медицина го добива благодарејќи на некритичкиот и неодговорниот став на медиумите.

---

[13] http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;

## 5.Заклучок

Можеме да кажеме дека медицинската постапка е алтернативна ако се заснова на принципите и методите кои не се верификувани од страна на науката. Денес постојат луѓе кои мислат дека некои гранки на оваа медицина по својата ефикасност се конкурентни или дури супериорни во однос на научната медицина, но повеќето ќе се согласат со оценката дека во хаосот од разни алтернативни техники и постапки има доста „лов во матно“ и злоупотреба на довербата на пациентите. Сепак, без обзир на тоа каков став имаме за алтернативната медицина, нема сомнение дека таа кај народот е многу популарна

Според испитувањата која ги направила Светската здраствена организација, во САД 35% луѓе користат бар еден вид на алтернативна медицна. Во Германија, Холандија и Белгија тој процент е околу 60%  а во Велика Британија дури и 74%. За ова има доста причини. Кај големиот број луѓе постои вистински страв од лекови и хируршки интервенции.

Овој страв се поткрепува со приказните за пациенти чија здравствена состојба е полоша поради болничките терапии или кои дури платиле со живот за грешките на медицинските личности. Секако дека многу од овие приказни се точни; и лекарите се луѓе со свои мани, па и на нив им се поткрадуваат грешки или незнаење со кое пациентите плаќаат со живот.

Од друга страна, никој не збори за милионите успешни излечени и медицински згрижени луѓе кои без лекарската помош би биле изгубени, затоа што

тоа не е атрактивно како приказна за заборавените хируршки инструменти во тело на опeрараниот пациент, за здравите органи кои се ампутирани или за лекар кој на одделението на интензивна нега го исклучил уредотот за одржување во живот затоа што немал каде да го уклучи полначот за батерија на телефонот. Некој од овие приказни се засновани врз вистинити случки, но секако има и такви кои се чисти анегдоти, кажани поради забава или друштво.

Дејството на секој од начините на лечење со алтернативна медицина со кој ќе се оштети поединецот и неговото семејство истовремено нанесува штета и на општеството, но најголема социјална штета настанува од поместување на системот на вредностите.

Неопходен е широк фронт, здравствено просветување и едукација на граѓаните за да им се застане на патот на овие појави. Некои работи се деликатни

Законот за лекови и Кривиниот закон се прецизни, а сите лица што се бават со нешто недефинирано подлежат на санкции. Казните се високи, од 25.000 до 50.000 евра бидејќи тежината на делото е огромна.

**Користена литература:**


- Кривичен Закон на Република Македонија (Службен весник на РМ 37/96);
- Правна Енциклопедија издадена во Белград 1994 год.
- http://www.narodnilijek.com/index.php?name=news&op=view&id=1169&word=nadrilekarstvo;
- http://forum.burek.com/alternativna-medicina-nadrilekarstvo-pljackashi-zdravlja-t179734.topicseen.html
- www.dnevnik.com.mk/WBStorage/Articles/3104492A2FB4344F949C90A9E79FE81F